РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Бр. 08-79/4
06.07 2018 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Постапувајќи во рамките на своите надлежности во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Македонија бр.: 50/2010), по поднесената претставка од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги против Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, Комисијата за заштита од дискриминација го донесе следното:

Примено: 11-07-2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 1179/2 | 1 | |

**МИСЛЕЊЕ**

***Не се поведува постапка во согласност со членот 26 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација бидејќи претставката се однесува на погрешно лице (ТВ Алфа), заради што, во согласност со посоченото, Комисијата одлучи да не ги анализра понудените докази од страна на подносителот на претставката.***

***Истовремено, Комисијата, во врска со истакнатото, упатува на членот 48 став 1од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за чија примена е надлежна Агенцијата, а кој непосредно се занимава со прашањето на посебните забрани за медиумите.***

0306
10
Потпис
20
Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 14.3.2018 година беше поднесена претставка со бр.: 08-79/1 од подносителот Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: „АВМУ").

Во претставката, подносителот смета дека Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: „ТВ Алфа") сторила дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на „јавното информирање и медиумите" во емисијата „Миленко Неделковски шоу", емитувана на 27.1.2018 година, со почеток во 23 часот. Во прилог на тврдењето, подносителот на претставката до Комисијата, како докази доставува и: 1) Писмен извештај од извршениот програмски надзор; 2) Снимка од посочената емисија на односната телевизија, како и 3) Известување со барање за постапување до Основното јаво обвинителство.

По поднеената претставка, Комисијата утврди дека, во согласност со членот 25 став 5, истата е поднесена во утврдениот рок од 3 месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од дознавањето на актот за дискриминација.

По поведувањето на постапката, Комисијата, заради попрецизно утврдување на фактичката состојба, достави барање за изјаснување до „ТВ Алфа" од Скопје.

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

На 3.4.2018 година, до Комисијата беше доставено изјаснување од „ТВ Алфа“ од Скопје со бр.: 0801 79/3, потпишано од Љубомир Николовски.

Во изјаснувањето на „ТВ Алфа“ од Скопје се истакнува дека посочената емисија претставува: 1) „Самостоен надворешен проект на извршителот и јасно пред почетокот на емитувањето на емисијата, радиодифузерот му појаснува на аудиториумот дека ставовите изнесени во емисијата не се ставови на Алфа телевизија“; 2) дека „Телевизијата не може да сноси никаква директна одговорност за содржината на емисијата бидејќи се работи за независен проект“; 3) „Медиумот не може да влијае врз содржината, ставовите и мислењата искажани од авторот на емисијата, а ниту, пак, да го санкционира“ бидејќи „тоа би претставувало цензура“.

Во прилог на истакнатото во изјаснувањето, „ТВ Алфа“ до Комисијата достави и доказ „Договор за реализација на циклус емисии со наслов Миленко Неделковски шоу од 3.1.2017 година“.

Во текот на постапката Комисијата ги анализираше сите релевантни факти, поединечно и заедно како целина и ја утврди следнава фактичка состојба:

1. Според членот 9 од Уставот на РМ граѓаните се еднакви во остварувањето на слободите и правата; според членот 16 се гарантира слободата уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, како и дека цензурата е забранета; според членот 47 се гарантира слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво. Исто така, според членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).
2. Подносителот на претставката АВМУ, врз основа на извршенен програмски надзор, како и врз основа на други законски овластувања, одлучува да поднесе претставка против „ТВ Алфа“ заради сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавното информирање и медиумите;

3. Претставката на подносителот се однесува на независен медиумски проект кој врз основа на меѓусебен договор само се емитува на посочената телевизија, односно одговорноста за содржината е на авторот на проектот, на што упатува и меѓусебниот договор помеѓу страните;
4. Забелешките на подносителот на претставката, меѓу другото, се однесуваат на искази на учесник во посочениот независен медиумски проект, што не би можело на ниту еден начин претходно да биде предвидено. Освен тоа, пак, како што се истакнува во изјаснувањето од страна на „ТВ Алфа", евентуалното претходно условување од нивна страна во однос на тоа кои и какви ставови би биле изнесувани во таквиот независен медиумски проект, би можело да има карактер на цензорски однос;
5. Сепак, наспроти точката 3, антиципирајќи можни состојби, со оглед дека не станува збор за проект на телевизијата, „ТВ Алфа" јасно пред почетокот на емитувањето на независниот медиумски проект, му појаснува на аудиториумот дека ставовите изнесени во емисијата не се ставови на Алфа телевизија;
6. Според Комисијата, од аспект на членот 26 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дури и да имало евентуално некаква повреда на некакво право, со оглед дека посочената емисија како независен проект повеќе не се емитува на односната телевизија, смета и дека може да се констатира дека нема да може да се постигне евентуалната цел на постапката.

Имајќи го во предвид истакнатото, Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето, при што ја усвојува и следнава:

**ПРЕПОРАКА**

1. Комисијата за заштита од дискриминација смета дека врвна вредност на секој демократски поредок е заштитата и гарантирањето на слободите и правата на човекот и на граѓанинот чиј значаен дел е слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање кои треба да се остваруваат непречено без притоа да биде загрозено остварувањето на слободите и правата на некој друг граѓанин или група на луѓе;
2. Комисијата за заштита од дискриминација ѝ препорачува на „ТВ Алфа" да продолжи со натамошно запознавање на новинарите, уредниците и водителите со одредбите од Уставот на РМ кои се однесуваат на слободата уверувањето, совеста, мислата и

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, како и на забраната на цензурата, како и со одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Истовремено, Комисијата препорачува телевизијата да продолжи попрецизно да ги запознава вработените и со праксата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на примената на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

3. Комисијата за заштита од дискриминација ѝ препорачува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да продолжи да ја следи праксата на Комисијата во оваа област за да може во иднина уште попрецизно да се утврди точната граница во однос на потенцијалната дискриминација од една страна и гарантирањето на слободите и правата на човекот и граѓанинот во смисла на примената на членот 16 од Уставот на РМ како и останатите соодветни одредби, од друга страна.

**Комисија за заштита од дискриминација**
**Претседател**
**Александар Даштевски**

Доставено на:
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје